РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-8974/2
09.12. 2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 39 став (1) алинеја 13 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр.05/2006, 15/2007, 02/2010, 01/2015 и 08/2018), член 30 став 3 и член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/21, 99/22 и 208/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија бр.11/2015 и 35/2018), Градоначалникот на општина Струмица објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ-02/2025
за унапредување на административен службеник
во општинската администрација на општина Струмица

**1.УПР0101Б02000 Раководител на сектор за урбанизам и комунални работи, Сектор за урбанизам и комунални работи..................................................................(1) извршител**

- **Општи услови**
  - да е државјанин на Република Македонија,
  - активно да го користи македонскиот јазик,
  - да е полнолетен,
  - да има општа здраствена способност за работното место,
  - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- **Посебни услови**
  - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Архитектура, урбанизам и планирање или Градежништво и водостопанство“.
  - најмалку шест (6) години работно искуство во струката, од кои најмалку две (2) година на раководно работно место во јавниот сектор, односно најмалку десет (10) години работно искуство во струката, од кои најмалку три (3) години на раководно работно место во приватниот сектор;

- **Општи работни компетенции**
  - Учење и развој
  - комуникација
  - остварување резултати
  - работење со други или тимска работа
  - стратешка свест
  - ориентираност кон странките, односно засегнати страни
  - раководење и

- финансиска управување

- **Посебни работни компетенции**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- потврда за положен испит за административно управување
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

- Распоред на работно време

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 08:00 до 16:00 часот

Паричен нето износ на плата: 61.466,00 денари

.............................................................................................................................................................

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во истата институција кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место согласно актот за систематизација како и

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас.
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Постапувајки по член 50 од Законот за административни службеници за членови на Комисија за селекција за вработување ги номинираме.

- За работното место под реден број 1

член: **Атанас Филев**
звање/работно место: Раководител на одделение за управување со градежно земјиште
организациона единица: Сектор за урбанизам и комунални работи
електронска адреса: atanas.filev@strumica.gov.mk
моб.телефон: 071/271-543

заменик член: **Горан Јанаќиески**
звање/работно место: Раководител на одделение за комунални работи
организациона единица: Сектор за урбанизам и комунални работи

електронска адреса: goran.janakieski@strumica.gov.mk
моб.телефон: 075/202-369

-За работните места (номинирани лица од Секторот за управување со човечки ресурси и обуки)

член: **Илија Тилев**
звање/работно место: Помошник раководител на Сектор за управување со човечки ресурси и обуки
организациона единица: Сектор за управување со човечки ресурси и обуки
електронска адреса: ilija.tilev@strumica.gov.mk
моб.телефон: 076/483-028

заменик член: **Никица Буралиева**
звање/работно место: Раководител на одделение за обуки
организациона единица: Одделение за обуки, Сектор за управување со човечки ресурси и обуки
електронска адреса: nikica.buralieva@strumica.gov.mk
моб.телефон: 070/602-020

Интерниот оглас да биде објавен на 12.12.2025 година и истиот да трае 5 дена од денот на неговото објавување.

Заинтересиранте административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на општина Струмица, до одделението за човечки ресурси.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Градоначалник
на Општина Струмица
Петар Јанков